**НАУЧЕН ИНСТИТУТ**
**ЗА МЕНАЏМЕНТ И ЗНАЕЊЕ - СКОПЈЕ**

# ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИИ
## МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ

**Скопје, 2021**

**Рецензија**

Проф. Д-р Илија Ацески

Проф. Д-р Зоран Јовановски

Доцент д-р Лазар Стошиќ

**Обработка**: м-р Лилјана Пушова Стаменкова

**Лектура, коректура и печат**

ГРАФОПРОМ – БИТОЛА

Тираж 200

**Издавач**

**Научен институт за менаџмент и знаење, Скопје**

Сите права се заштитени © Роберт Димитровски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

Група автори,

ISBN 978-608-65653-3-6

# СОДРЖИНА

1. Предговор ..... 5

2. НОРМАТИВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА - ПРЕДИЗВИЦИ И АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ ..... 7

3. СОЦИЈАЛНИОТ ОПСЕГ НА ИНТЕРНЕТ-КОМУНИКАЦИЈАТА ..... 11

4. ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИИТЕ И ДЕЗАЛИЕНАЦИЈАТА НАСПРОТИ АЛИЕНАЦИЈАТА НА ЧОВЕКОТ ОД ЧОВЕКА ..... 15

5. НЕГАТИВНИ ИМПЛИКАЦИИ ВО САЈБЕР ПРОСТОРОТ ..... 19

6. ПОЗИЦИЈАТА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ВО СОВРЕМЕНАТА ИНФОРМАЦИСКО-ТЕХНОЛОШКА ЕРА ..... 23

7. ИНТЕРНЕТОТ И ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА (ОД БЕНЕФИТ ДО ЗАВИСНОСТ И БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК ЗА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ) ..... 27

8. ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА, ПРАВНАТА ЗАШТИТА ПОМЕЃУ ГАРАНЦИЈАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА И ЗЛОУПОТРЕБИТЕ СО ДЛАБОКИ ПОСЛЕДИЦИ ..... 31

9. ИСКУСТВА, ПРАКТИКИ И ЗАКОНСКИ ИМПЛИКАЦИИ НА ИКТ ТЕХНОЛОГИИТЕ ..... 34

10. ИСТРАЖУВАЊЕ И РЕЗУЛТАТИ ..... 41

10.1. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК ..... 43

10.2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО „ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈА - ПРЕДНОСТИ И ЗЛОУПОТРЕБИ“ ..... 47

## 1. Предговор

Генерацијата на која и припаѓам ја имаше среќата или можеби и клетвата да ја изживее технолошката револуција, информатичката преродба и општествена инсталација и со тешки чекори да навлезе во глобалното општество каде просторот е тука и секаде.

Ако знаењето се проектираше за некои 40-тина години (колкиу што е работниот век на човекто) доживеавме во некои области да застарува и за време на користењето на годишниот одмор. Не толку далеку беа првите компјутери, кои за широките маси во огромен процент се користат како машини за пишување. Набрзо пристигнаа пејџерите кои со гордост се носеа на појасот. Секој кој можеше (требало или не) го истакнуваше како пропозналица за сталешка припадност. Колку престижно беше да се има Нокиа со огромна антена во средината на 90-те. Повеќе личеа како орудија одошто на телефони. Но стигнавме во време кога народот не успевајќи да се види постојано и во секоја прилика се снаожа по интернет мрежите и порталите.

Да се има адреса на ФБ, твитер... е поважно одошто да се има автомобил, кого можеме да го супституираме и со такси. Си направил салата или таратур а да не разбереле душманите е исто како и да не си јадел. Со обврзната ракија или мастика и друштвото во комплетно издание, доколку некој не сака да остане анонимен. А тоа се случува се пошесто.

Од првичниот ентузијазам или на македонски заќореност кон новото кое не репрезентира од Америка до Австралија голем број на луже од оправдани причини започнаа се повеќе да ја негуваат сопствената приватност. Причините се многу едноставни. Криминалците најдоа нов простор за дејствување а нормалниот човек немајќи соодветна па дури имајќи и никаква заштита го отстапуваат просторот каде во име на демократијата и агресивната слободија се башкарат проблемите.

На сето тоа најранливи се младите. Денес на интернет секој може да најде сè! Но, на интернет постојат и содржини кои се несоодветни и во голема мера можат да му наштетат на оној кој го користи. Ова е особено важно за секој од нас, но уште поважно за децата кои уште од најраната возраст се изложени на дигиталниот свет во кој живееме.

Во светот постојат бројни програми, едукативни содржини, регулативи и насоки како децата безбедно да се вклучат и да го користат интернетот. Сепак, главната улога за

безбедно користење на интернетот ја имаат самите родители и поблиското окружување на децата.

Статистиката вели дека во земјите со висок процент на поврзаност на населението со интернет мрежи, во кои би ја вброиле и Македонија (според ДЗС, 79.3 % од домаќинствата имаат пристап до интернет), децата на возраст од 8-12 години, во просек поминуваат од 5-6 часа дневно на социјалните медиуми, а висок процент – над 90% играат игри онлајн.

Изданието кое се наоѓа пред читателот е реализиран обид да се направи исчекор напред пред се во функција на упатување, информирање но и заштита од опасностите кои ги демнат младите.
Изданието е посебно посветено за сите носители на политики и регулирање на општественото живеење со цел да се предвидат нормативни одредби и прифатливи и реализибилни инструменти на заштита на младата популација.

Проф. Д-р Роберт Димитровски
Директор на Институтот за менаџмент и знаење - Скопје

# 2. НОРМАТИВНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА - ПРЕДИЗВИЦИ И АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ

**проф. д-р Билјна Каровска-Андоновска**
вонреден професор Воена академија „Михаило Апостолски” – Скопје

Интернетот е глобална платформа или систем на мрежно поврзани компјутери кои пренесуваат услуги и информации во форма на електронска пошта, директни разговори и друг вид на комуникација. Овој систем на поврзани мрежни места е дел од еден поширок виртуелен простор познат како Сајбер простор (Cyber space) кој всушност „не е место, туку активност, или комплексен тип на посредувана комуникација”(Appazov, A.). Со други зборови, тоа е „сложен, повеќеслоен комуникациски процес кој се одржува со серија на сложени технологии” (Brenner, S.W.). Преку сајбер просторот се одвиваат интензивни комуникациски, економски, банкарски и други активности. Негови основни карактеристики се огромниот потенцијал и уникатните својства, како што е брзината, достапноста низ целиот свет и релативната анонимност на корисниците. Преку овие својства, интернетот и воопшто целиот сајбер простор, овозможува ширење на информации во „реално време“, односно моментално. Импликациите од активностите што се преземаат во тој простор можат да се чувствуваат истовремено во повеќе држави и на различни континенти. Со овие специфични својства, интернетот претставува идеална средина не само за активности кои го олеснуваат животот и работата, туку и за низа недозволени дејствија. Замислен како слободен простор за размена на идеи и информации, интернетот денес многу често може да биде злоупотребен како алатка за недозволени или за морално неприфатливи дејанија, токму поради неговата флексибилност. Како резултат на соочување со овие девијантни појави, некои држави воведуваат ограничувања во користењето на Интернет, применуваат софистицирана технологија за блокирање на содржини, криминализирање на неприфатливото изразување, итн.

На почеток, интернетот и не беше замислен како простор кој треба да биде контролиран, меѓутоа денес нема сомнеж дека тој станува сензитивен простор, од многу аспекти, кој се развива и менува не само на дневна основа, туку дури и во дел од час или минута. Овие промени внесоа неизвесна динамика во функционирањето на светот воопшто, што пак како многу значајно го наметнаа прашањето за потребата од негово регулирање со правни норми. Креирањето на минимум правна рамка која ќе овозможи отворен, но во исто време и безбеден сајбер простор, е на врвот на агендата на низа релевантни меѓународни организации, како ООН, НАТО, ЕУ, Совет на Европа.

**Кои се предизвиците во нормативното регулирање на Интернет комуникацијата?**

Регулирањето на интернет комуникацијата со правни норми е еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат современите држави и веќе неколку децении е актуелна тема во различни области на правото. Оттука и терминот Интернет право (Internet Law) е своевиден интересен концепт кој претставува сплет на правила од различни области на правото кои се применуваат истовремено.

Процесот на креирање нормативи за дозволените содржини и активности на Интернет е тежок и на тој пат правните системи се соочуваат со различни предизвици. Освен тоа, активностите на Интернет создаваат ефекти со кои националните правни системи и меѓународниот правен поредок никогаш претходно не се соочиле.

Меѓутоа, овој проблем се третира не само од правен аспект, туку со подеднаква внимателност и од социолошки, технолошки, економски, политички, воен аспект, како и од аспект на други научни области. Во овој контекст, повеќе од јасно е дека за регулирањето на интернетот со правни норми неопходен е мултидисциплинарен пристап.

Исто така, нормативното регулирање на активностите на Интернет е прашање за кое речиси секаде во светот се загрижени и владите и корисниците на интернет мрежата. Дефинитивно постојат различни притисоци врз владите за регулирање на интернет комуникацијата или притисоци против правната регулација. Корисниците на Интернет и онлајн медиумите се чини дека се збунети од намерата на владите да ги регулираат правилата во овој протстор. Честопати велат дека интернетот е моќен медиум што би можел да биде задушен ако се уреди со правни регулативи. Меѓутоа, се чини дека токму таа моќ на интернетот е причината поради која владите сакаат да го регулираат.

Од друга страна, јасно е дека речиси е невозможно да се постигне конечна и унифицирана правна рамка. За одредени теми мислењата се поделени и многу прашања сè уште се отворени. Овој процес на нормирање е тежок и поради фактот што информатичката технологија се развива со екстремна брзина и правото не може доследно во чекор да го следи тоа темпо. Дополнително, голем предизвик претставува доследната примена на креираните нормативи.

Еден од основните предизвици за нормативното регулирање на Интернет е соочувањето со фактот дека станува збор за простор кој е уникатен во смисла дека нема физички граници, ниту има почеток и крај. Во овој контекст, едно од веројатно најзначајните прашања е **јурисдикцијата**. Ова прашање истовремено ја отвора дилемата за тоа дали сајбер просторот и интернет платформата може да потпадне под било чија јурисдикција? Постои согласност дека може да се утврди јуридикцијата само врз инфраструктурата која го овозможува постоењето на сајбер просторот, но сепак и тука има резерви, бидејќи и таа инфраструктура во суштина, не е фиксна категорија.

Оттука, јасно е дека интернетот не може во целост да се регулира според традиционалните правила за кои првенствено релевантна е географската територија или физичката локација. Имено, за воопшто да функционира одреден систем или да се применува одреден закон, тој треба да има утврдена важност за конкретна област (територија). Националните прописи се применуваат во рамки на државните граници. Меѓународните акти важат само за државите кои ги прифатиле и ратификувале истите. Одговорот е дека интернетот не спаѓа под ниту една јурисдикција и не постои централна организација или било каква точка од каде тој се управува. Тоа оневозможува централизирана контрола на интернет активностите од страна на еден субјект.

Од наведеното, се наметнуваат и други дилеми кои отвораат низа прашања, особено:

- Кој треба да ги уреди правилата на интернет?
- До кој степен треба да се регулира со правни норми однесувањето на интернет, а притоа да не се загрозат одредени човекови права и демократски вредности (првенствено слободата на изразување и правото на приватност)?
- Кој треба да ја контролира имплементацијата на креираните правила?

**Кои се актуелните состојби во нормативното регулирање на Интернет комуникацијата?**

Во процесот на регулација на активностите и комуникацијата на Интернет првенствено се разгледуваат можностите за применливост на постојните правила и стандарди, меѓутоа истовремено се прават напори и за креирање на нови специфични правила, таму кадешто постојните не можат соодветно да се применат.

Генерално постои одреден консензус дека државите во национални рамки треба да ги регулираат правилата на Интернет и воопшто во сајбер просторот, но во исто време, да се создадат стандарди што се применливи на меѓународно ниво. Тоа се наметнува како консенсуално решение поради фактот што активностите, комуникациите и изразувањето преку Интернет како транснационална категорија, имаат глобално влијание и распространетост. Практично државите не можат самостојно да создадат безбедна интернет средина и секоја држава е речиси подеднакво ранлива во тој контекст.

Во секој случај, регулацијата со правни норми на активностите и содржините на Интернет генерално се одвива на два начини:

- **Преку аликабилност на постоечките правни прописи, принципи и усвоени стандарди;**
- **Преку изнаоѓање на нови специфични консензуални правни решенија.**

Бидејќи интернетот влијае на различни области од општествениот живот, правото кое ги регулира содржините и активностите на Интернет неминовно претставува комплексен спој од различните закони кои важат за овие области, но и од правила развиени согласно со спецификите на интернетот. Општите правила што се применуваат во интернет контекст ги вклучуваат главно следните области на правото:

- човекови права;
- интелектуална сопственост;
- договорно право.

Поконкретно нормирање е извршено во однос на следните сегменти:

- заштита на личните податоци;
- компјутерскиот криминал;
- сајбер безбедност.

Од наведеното произлегува дека станува збор главно за две насоки во правната регулација на интернет активностите и комуникациите: **национална и меѓународна**. Тие овозможуваат одредена правна рамка, која иако не е доволно прецизна и веројатно нема никогаш да биде, сепак обезбедува одредена заштита и правила на однесување.

Оттука, основни режими и извори на правото за регулирање на интернет комуникацијата се следните:

- Националните закони кои регулираат прашања за човековите права, заштитата на личните податоци, но и закони со кои е уредена проблематиката на компјутерскиот криминал, интелектуалната сопственост, функционирањето на електронските медиуми;
- Меѓународните акти кои регулираат прашања релеванти за безбедноста во сајбер просторот;
- Воспоставените стандарди и добри практики (Soft Law) како доброволна и лабава форма на меѓународно уредување на одредени прашања поврзани со функционирањето и безбедноста на сајбер просторот;
- Организациски регулативи (договори и интерни акти);
- Архитектурата на компјутерите која се однесува на тоа како информациите може да се пренесат во сајбер просторот, кадешто е релевантен софтверот за интернет филтрирање, програмите за криптирање, итн.
- Обичајното право и моралните норми кои, условно кажано, го контролираат однесувањето на поединците во сајбер просторот во услови кога законите нема да успеат да регулираат одредени активности чие извршување е овозможено од архитектурата на компјутерите.

Согласно наведеното, во некои сегменти, националните правила кои регулираат што е дозволено како однесување и прифатливо како содржина која се споделува на Интернет, може да се разликуваат од една до друга држава. Меѓутоа, без оглед на разликите, националните правни системи мора да ги имаат предвид стандардите кои се применливи на меѓународно ниво, бидејќи интернетот е транснационална категорија со глобално влијание и распространетост. Правните акти за обработка на личните податоци усвоени во рамки на Европската унија (Реформскиот пакет на закони за заштита на личните податоци од 2016 година) и за компјутерскиот криминал усвоени од Советот на Европа (Конвенцијата за компјутерски криминал од 2001 година) се пример за сеопфатна и конзистентна правна рамка на ниво на европскиот континент, која во континуитет се надградува и дополнува во согласност со развојот на компјутерската технологија.

# 3. СОЦИЈАЛНИОТ ОПСЕГ НА ИНТЕРНЕТ-КОМУНИКАЦИЈАТА

**проф. д-р Ѓорѓи Тоновски**
универзитетски професор

Компјутерската технологија и **компјутерот,** како модерно средство за комуникација, ја забрзаа, поевтинија и планетираа комуникацијата. Компјутерот создаде **интернет мрежа** (**The World Wide Web**), воспостави Интернет врска која комуникацијата ја претвори во непрекинат процес на светска **Интернет комуникација**.

Интернетот го овозможи, прошири и продлабочи современиот начин на комуницирање и меѓусебното контактирање меѓу луѓето – во поединечните општества и во глобалниот свет. Социјалниот опсег на модерната интернет комуникацијата, овозможи слободен, брз и неограничен проток на информации без оглед на географскиот простор, на различниот демографски и возрасен состав на населението ширум планетата, како и на политичко-идеолошките и државните граници. Интернет комуникацијата, исто така, се применува и употребува во сите делови (социјални феномени) од општествениот живот. Со еден збор, социјалниот опсег на Интернет комуникацијата е целата заедница на човековиот род и сите аспекти на неговото живеење. Во тој опсег има бројни специфични моменти кои ја отсликуваат целината, карактерот и функцијата на Интернет-комуникацијата.

Интернет-комуникацијата ја карактеризира **масовност** на публика/посетители/корисници и широка географска распространетост. Масовноста е лимитирана само со бројот на разумни суштества на планетата Земја, или со технички потешкотии за инсталирање во одделни подрачја, или со политички причини заради одбрана на власта на одделни диктаторски структури. Но, таа веќе излегува **надвор од планетата**, таа се шири низ Универзумот заедно со човековите продори во непознатите вселенски предели.

Светскиот опсег на Интернет-комуникацијата се манифестира како **глобкомуникација** (коа се дефинира како непречен планетарен проток и размена на информации и пораки низ заеднички систем на симболи -традиционални и новосоздадени – кои се пренесувани низ современите интернет-канали, а кои се препознатливи во меѓусебните разновидни контакти меѓу луѓето во целиот свет). Глобкомуникацијата е процес кој се надоврзува и го дополнува процесот на **глобализација** (кој се дефинира како слободен планетарен проток на стоки, капитал и луѓе).

Средствата кои се употебуваат во Интернет мрежата (пред се`, компјутерот и мобилниот телефон) станаа **збир од повеќе различни алатки** кои се користат за исполнување на речиси сите потреби на современиот човек. Овие средства, со помош на интернет каналите, се во исто време информатори, здравствени книшки, средства за купување производи, билет за авион или театар, учебни помагала, сијалици, мерни инструменти и слично. Со еден збор, тие спојија во едно средство многу работни

алатки и средства кои човекот секојдневно ги употребува при извршувањето на своите вкупни животни активности.

Компјутерот/интернетот е во исто време пренесувач на информација, но и **стовариште на светот на информациите** – сите настани и податоци за човечките дејанија во историјата до денешен ден се сместени во овој тнр. сајбер простор кој го создава компјутерската инфраструктура, односно интернетската мрежа. **Мобилниот телефон не е само насока кон библиотеката, туку е „библиотека во мало".**

Пристапот кон Интернетот спаѓа во **основните човекови права** (во Финска и некои други земји тоа беше одамна санкционирано со закон) и има третман на клуч за плурализмот и слободата на мислење во 21 век.

Интернет мрежата и интернет-комуникацијата се **предмет на регулација** и **нормирање** со помош на бројни општествени правила и норми – закони, декларации, одлуки и слични општествено и правно базирани акти и правила со кои се обезбедува позитивната насоченост на функциите на Интернет мрежата/комуникацијата.

Интернет-комуникацијата е **своевидна подршка и заштитник на различностите во светот** (мултиетничка, мултикултурна, интеркултурна, мултијазична) на локално и на меѓународно ниво. Таа ја покажува и ја афирмира дифузираноста на светот.

Интернет-комуникацијата ги **унапредува условите за еднаквост меѓу луѓето**, зашто сите тие, без разлика на возраста, се користат со исти технички средства, сите имаат слободен пристап до мрежата, но и сите можат да ги користат истите информации.

Многубројни функции на Интернетот (Интернет комуникацијата) придонесоа за смалување на **јазот меѓу родителите и децата, меѓу различните возрасни групи**.

Интернетот придонесува за полесно и поефикасно осмислување на содржини и активности со кои се исполнува **просторот на слободното време**. Тој нуди широка лепеза на погодности со кои може да се исполни слободното (неработното) време, односно тнр. **Space of Leisure**.

Меѓутоа, покрај позитивните страни, Информатичката технологија, Интернетот и компјутерите имаат и негативни страни кои се однесуваат на моментот на злоупотребата на неговите функции. То особено за врзува за тнр. **игрици** и времето за нив. Но, во последно време се` поприсутни се игрици во кои се комбинира **спрега меѓу играта и едукацијата**, меѓу игриците и воспитно-образовните потреби. На тој начин компјутерот се потврдува како game gadget и како моќно средство во функција на социјализацијата, едукацијата, знаењето.

Голема е заслугата на **интернет комуникацијата за одржување, па и обновување на родбинските и пријателските односи** меѓу луѓето. Ова е особено значајно кај тнр. печалбарски земји, но и за новите силни миградивни движења. Со брзата, ефтина и ефикасна технологија и услуга на социјалните мрежи (Facebook, Instagram, Twiter, Yahoo mail), потоа на Viber, WatsApp и слично, се олесни и се поедностави комуницирањето низ земјите, но и во прекуокеанските релации.

Интернет комуникацијата е планетарна, таа ги прескокнува географските и други можни физички пречки на просторот. Всушност, со **мобилниот телефон плус интернетот плус дронот** се достапни случувањата и увидот во сите точки и во секое време на земјиниот пејсаж.

Мобилниот телефон е обележје на современиот **моден тренд**. Тој стана неизбежен дел од стајлингот, модата, имиџот, естетските трендови, нужен детал на холивудската претстава и манир за убавината и трендовското.

Интернет комуникацијата има силно влијание врз лингвистиката. Интернет уредите и содржините претежно го користат англискиот јазик. Оваа доминација создава тнр. **англиканизација/американизација**. Дури многу англиски зборови (како на пример: enter, delete, cloud, mail, web-site, message, file, click, и слично) станаа интернационални зборови, професионално или во секојдневната комуникација.

Интернет комуникацијата се користи во **сите социјални феномени** (политика, економија, право, култура, наука, религија, медицина, спорт и слично).

Интернет-комуникацијата кај човекот создава привид дека со својот mail, својот sms, е **сопственик на дел од светот** и дека како граѓанин на светот, благодарение на новата револуционизирана информациска технологија и техники, тој станува **креативен актер во светските збиднувања**, дека директно учествува во светските настани.

Негативна страна во интернет комуникацијата се евидентните **злоупотреби на Интернетот**, кога начините и средствата на комуникативниот процес се користат за пласирање на информации/пораки/содржини кои се поврзани со темната страна на човечките активности и определби (порнографија; педофилија; проституција; трговија со оружје, човечки суштества и органи, дрога, ретки животни, и слично; корупција; мафија; тероризам; здружување на милитантни групи; говорот на омраза, хазардни игри, итн.).

Во интернет-комуникацијата постојат елементи на **алиенација на човечките суштества**. Илустративна е фотографијата објавена во едно списание на која друштво млади луѓе заедно седат на една маса во ресторан и секој гледа во својот мобилен телефон иако очигледно дошле да се дружат меѓусебно.

Интернет мрежата/комуникацијата создаде нов имагинарен, нереален, вештачки, претпоставен, виртуелен **Сајбер простор (Cyber space)**. Тој не е материјален, туку спиритуален, замислен простор во кој „плови” Интернетот.

**Заклучок**: Интернет-комуникацијата е специфичен дел од светот на комуникацијата. Промените во овој свет влијаат и врз Интернет-комуникацијата. Социјалниот опсег на Интернет комуникацијата (во ширина и во длабочина на социјалното ткиво – индивидуално, групно и колективно) постојано се проширува и го унапредува квалитетот на човековиот живот. Истовремено, овој вид на комуникација ги надминува планетарните рамки следејќи го човекот во неговото освојување на Универзумот. По својата суштина таа е „осудена” на вечност, веројатно со идни промени, кои, под влијание на општествениот прогрес, ќе се случуваат и во процесот на комуникацијата (во средствата и начините низ кои таа се остварува).

# 4. ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИИТЕ И ДЕЗАЛИЕНАЦИЈАТА НАСПРОТИ АЛИЕНАЦИЈАТА НА ЧОВЕКОТ ОД ЧОВЕКА

**Проф. д-р Темелко Ристески**
Универзитетски професор

Зборот алиенација доаѓа од латинскиот збор alienatio, што значи отуѓување. Дијалектичка спротивност на алиенацијата е дезалиенацијата - разотуѓувањето. Алиенацијата на човек од човека е масовна појава во современиов свет. Таа е присутна во секој приватно сопственички економски систем, ориентиран кон материјални, односно парични мерила на општествената вредност на човекот. Најтипичен за тоа е капитализмот. Во него предоминантна е борбата за профит. Човекот во капитализмот повеќе е насочен кон тоа да има колку што е можно повеќе пари или имот, а најчесто едното и другото. Алчноста е сеприсутна појава во односите меѓу луѓето. Таа доведува до психопатолошка состојба која наликува на состојбата кога човек пие морска вода. Колку повеќе пие, толку е пожеден. Фром би рекол дека општеството е тешко заболено. Во болното општество болен е и моралот. Ненаситната желба за стекнување на имот изроди бројни морални девијации. Меѓу нив, секако на прво место доаѓа оттуѓеноста на човек од човека. Оттуѓениот човек нема смисла за заеднички живот, за другарство, пријателство; тешко остварува социјални контакти и тешко се адаптира на социјалната средина во која живее. Таквите личности често запаѓаат во депресија и аутизам.

Животот во заедница е карактеристика на бројни животински видови. Биолозите не се ни малку сентиментални луѓе. За нив човекот е животно. Тој и` припаѓа на класата цицачи, на редот примати (мајмуни) и на фамилијата хоминиди, како посебен вид homo sapiens. Животот во заедница не е особина само на луѓето. Во заедница живеат и многу животински видови. Така бизоните, другите диви говеда, слоновите и сл. живеат во крда, инсектите (пчелите, мравите, осите и други) во роеви, птиците (пингвините, чавките, гулабите и друго) во јата, рибите и водните цицачи во плови и тн.. Тие ги формираат заедниците инстинктивно за подобро да се бранат од непријателите, за поуспешен лов, за подобра заштита од природните непогоди и слично. За разлика од нив човечките заедници (семејства, другарски или пријателски групи, здруженија на граѓани, политички партии, држави) се формираат свесно, со однапред свесно одредена цел.

Што се однесува до отуѓувањето, во животинските заедници тоа не постои и покрај конфликтите до кои доаѓа поради плен, храна, партнер при парењето и слично.). Кога ќе престане конфликтот тие продолжуваат да живеат во заедницата. Кај човекот тоа не е случај. Тој е рационално и емоционално суштество. Мисли, ја предвидува иднината, планира, но и чувствува: сака и мрази, завидува и лицемери. Човекот е најголем непријател на човекот. Кога мрази тој често и убива. Човечките методи на меѓусебно убивање и мачење, иако понекогаш неправедно ги нарекуваме животински, претставуваат нешто за што животните не се способни. Тие не ги мразат своите противници. Не ги мразат жртвите што ги убиваат. Ги убиваат едноставно за да се нахранат. Затоа човекот е специфично општествено суштество кое се разликува

од другите животни кои живеат во заедница - општество. Тој е зоон политикон – општествено животно, како го нарекува Аристотел. Тој е општествено суштество sui generis.

Од ова можеме да заклучиме дека животот во заедница е природна потреба на човекот. Човекот живеел во заедници од почетокот на своето постоење на Планетата Земја. Првата човечка заедница била хордата. Со тек на време, кога се издиференцирале крвносродничките односи, се појавиле крвносродничкте заедници: родови - генсови, братства или фратрии, а тие во племиња. Почетокот на цивилизацијата на историската сцена ги исфрлил и првите држави како заедници на народи створени од повеќе племиња.

Живеејќи во заедница човекот комуницира со членовите на заедницата. Со комуникацијата тој разменува енергија со другите луѓе. Енергијата може да биде позитивна и негативна. Позитивната енергија е мотивирачка, развеселувачка, поттикнувачка на добри дела. Наспроти неа, негативната енергија е демотивирачка и депресирачка. Таа често поттикнува на зло и омраза кон другите луѓе. Луѓето низ комуникацијата шират позитивна и негативна енергија. Оние кај кои што е доминантна позитивната енергија се позитивни личности, а оние кај кои што е доминантна негативната се негативни личности. Тие се асоцијални, од заедницата оттуѓени луѓе.

До појавата на информатичката (компјутерската ера) луѓето комуницирале меѓу себе со непосредни контакти или посредно со допишување преку писма или поштенски картички и телеграф и телефон. Со доаѓањето на информатичката ера на сцена стапува Интернетот како средство за комуникација. Комуникацијата преку Интернет е посредна. Меѓу субјектите на комуникацијата (испраќачот и примачот на пораката) стои машина - компјутер или мобилен телефон. Машината е поврзана со други машини во систем - мрежа (интернет). Како и секоја посредна комуникација, така и интернет комуникацијата не овозможува блиска, интимна врска со соговорникот што е карактеристика на непосредните комуникации. Субјектите на комуникацијата најчесто не се гледаат целосно, не можат да се допрат. Можностите на „говорот на телото“ се ограничени. Тоа го покажаа он лајн конференциите, предавањата и испитите за време на пандемијата од Ковид - 19.

Од информатичка гледна точка, нема сомнение дека интернетот е огромна енциклопедија на информации. Таква енциклопедија не постои во пишана форма. Но, тоа носи голема опасност од интернет зависност. Бегајќи од непријатната и често сурова реалност многу луѓе се „опиваат“ сурфајќи на интернет порталите или на социјалните мрежи (фејсбук, твитер, инстаграм и друго). Така опиени заборавaат на себе, на своите обврски кон заедницата и кон другите луѓе. Тоа е нов, современ вид на отуѓување на човекот од самиот себе и од другите луѓе.

Од друга страна гледано, бројноста, разновидноста и можностите на интернет комуникациите им овозможуваат на луѓето брзо, лесно и во голема мера сеопфатно да го запознаат светот што ги окружува. До бараната информација никогаш не се доаѓало така брзо и лесно како што се доаѓа со користење на интернетот. Врските со другите субјекти се воспоставуваат лесно и сеопфатно. Ако телеграфот ги пренесуваше информациите во пишана форма, а телефонот во усна (звучна) форма, интернетот ги пренесува во двете форми и плус со слика. Врските меѓу субјектите на комуникацијата многу брзо се воспоставуваат, без оглед на тоа каде тие се наоѓаат на Планетава Земја. Преку фејсбук мрежата се пронајдоа многу некогашни познаници и пријатели и повторно ги воспоставуваат со „играта на животот“ прекинатите врски и

пријателства. Разменуваат животни искуства, мисли и идеи. Сето тоа придонесува да се намали чувството на оттуѓеност на човек од човека.

Интернет комуникациите придонесуваат да се запознаваат луѓето на Планетава, да се информираат за нивниот начин на живот, за нивните обичаи, за нивните проблеми, нивните стравувања и верувања, за нивните весели и трагични случувања Тоа ги зближува луѓето на светско рамниште. Конечно, многу луѓе од напредната и одамна цивилизирана Европа сфаќаат дека и абориџините од пустините на Австралија и џунглите на Нова Гвинеја, Индијанците од планините и кањоните на Америка, Ескимите од студениот Арктик се исто како нив – луѓе низ чии артерии и вени тече топла човечка крв, со една од четирите можни крвни групи и еден од двата резус фактори. Разоттуѓувањето на луѓето од различни нации, раси и религии е навлезено во длабока фаза.

Интернетот е на почетокот, евентуално на средината од неговиот развој. Неговиот иден развој навестува сјајни перспективи во интернет комуникациите. Брзината на комуникациите од година на година се зголемува. Компјутерската технологија се шири низ светот. Таа веќе навлегува и меѓу африканските Бушмани, и Пигмеи, меѓу жителите на амазонските прашуми и џунглите на Нова Гвинеја. Допира и до жителите на најоддалечените пацифички острови. Нејзините перформанси се се` поголеми и поголеми. Веќе кај нас имаме уреди со помош на кои може од далечина да се вклучи разладниот систем или бојлерот во станот. Туристот од песочните брегови на Флорида или пространата Копокабана може да го вклучи системот за полевање на цвеќето во станот во Париз и Лондон. Домаќинката – госпоѓа од Америка може да и` нареди на куќната помошничка - робот во Стокхолм да и` го очисти станот и тн. Интернет технологијата му овозможува на човекот да го намалува одттуѓувањето од самиот себе си и со тоа и отуѓувањето од другите луѓе или, како што би рекол Маркс, му овозможува од ден на ден да постанува се` повеќе свој, а постанувајќи свој да постанува се` повеќе и повеќе човек на заедницата и обратно.

Да заклучиме. Интернет комуникациите имаат свои добри и лоши страни. Да се помогнеме служејќи се со мислата на Хегел искажана во неговата „Феноменологија на духот“. Ако човекот претерува со „сурфањето“ на интернет може да дојде до ситуација квалитетот на личноста да не може да го издржи квантитетот на претерувањето. Во тој случај се ствара зависност од интернетот. Зависниот човек не е свој. Тој му припаѓа на објектот од кој е зависен. Припаѓајќи му нему, тој се отуѓува од човечката средина во која живее, од другите луѓе. За да не дојде до тоа не треба да се претерува со „сурфање“ на интернет. „Се по мерата на човекот,“ би рекол Протагора. “Држи се до златната средина“ би советувал Аристотел.

Ако човекот го користи интернетот без претерување, во рамките на мерата – умереноста од него ќе има голем бенефит. Тој информира брзо и квалитетно, или, кратко речено, информира ефикасно. Интернет „енциклопедијата“ е огромна. Таа се ажурира секојдневно со огромен број информации. Интернет комуникациите овозможуваат остварување на контакти со субјекти на секоја точка на Планетава. Тие ги обновуваат пријателствата и стваараат нови пријателства. Придонесуваат за подобро запознавање на луѓето и народите. Луѓето и народите кои се запознаваат се зближуваат. Постануваат пријатели. Отуѓувањето му го отстапува местото на разотуѓувањето. Економската, техничката и научната моќ, базирана на интернетот, во сите области на општествениот живот се стреми кон остварување на единство на светот. Светот полека, но сигурно, постанува глобално село, а Планетава Земја

заедничка татковина на збратимени луѓе кои здружени под сонцето на трудот ја градат својата светла иднина.

# 5. НЕГАТИВНИ ИМПЛИКАЦИИ ВО САЈБЕР ПРОСТОРОТ

**д-р Југослав Ачкоски**
вонреден професор, потполковник
Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје,

**Дефинирање на сајбер простор**

Постојат многу дефиниции за сајбер простор, при што тоа е виртуелно создаден простор од компјутерски мрежи за поврзување луѓе, компјутери и документи во целиот свет, како и создаден простор во кој можеме виртуелно да се „населиме“. Направен е од милијарди бинарни вредности и постои во форми на веб-страници, разговорни соби, огласни табли, виртуелни околини, бази на податоци, при што секоја форма има своја локација. Сајбер просторот се состои од многу простори, произведени од дизајнерите, а во многу случаи, тоа се корисници. Просторт ги има само формалните својства на „географскиот“ простор (Евклид), бидејќи е програмиран.

Една од најсуштинските човечки потреби е комуникација меѓу луѓето и сајбер-просторот создава нови медиуми со чија помош луѓето комуницираат секој ден едни со други. Техничко ниво на информациската-комуникациска технологија на сајбер-просторот може да биде релативно лесно мапиран. Физичка архитектура и топологија на мрежата може да биде мапирана во географскиот простор и сообраќајот во мрежата може да се претстави со примена на соодветни начини на визуелизација. Слично на тоа, физички локација и карактеристики на хардвер, софтвер и човечките корисници можат да бидат мапирани со аплицирање на традиционални картографски методи.

Наспроти мапирањето на материјалната основа на информациско-комуникациската технологија, се појавува потреба од мапирање на просторноста на сајбер-просторот што е голем предизвик за картографите. Податоците без нивните сопствени просторни вредности се мапирани во рамките на дефинирана просторна рамка за да бидат разбрани. Неопходно е да се најдат начини за мапирање на просторите што не се во согласност со двете основни својства на визуелизација на мапа: (1) просторот е континуиран и подреден, и (2) мапата не е област, но негова презентација. Сајбер просторот може да биде прекинат и во многу случаи просторите се истовремено свои мапи. На пример, веб-страниците се наоѓаат на истовремено областа, но исто така и средства што ги користиме за движење во оваа област.

**Што е „сајбер“ криминал и од кога се појавува сајбер криминалот**

Обидите за разјаснување на размерите на овој криминал и неговата опасност се опишани во документот „Криминал во спрега со компјутерски мрежи“(engl. Crime related to computer networks) од десетиот конгрес на Обединетите Нации, посветен на превенцијата од криминал и третирањето на сторителите од април 2000-тата година. Експертската работна група под овој криминал подразбира „криминал кој се однесува на било кој облик на криминал кој може да се извршува со компјутерски системи и мрежи, во компјутерски системи и мрежи или против компјутерски системи и

мрежи“. Тоа е криминал кој во суштина се одвива во електронска околина. Ако под, компјутерски систем се подразбира “секој уред или група меѓусебно поврзани уреди со кои се врши автоматска обработка на податоци (или било која друга функција)“, како што е дефинирано во Конвенцијата за сајбер криминал (engl. Convention on Cyber crime), Совет на Европа, тогаш е јасно дека без електронска околина нема да постои ваков тип на криминал. Тој е комплексен, при што се смета дека е чадор - термин што ги опфаќа разновидните криминални активности вклучувајќи ги нападите на компјутерските податоци и системи, нападите поврзани за компјутерите, дигиталните содржини или интелектуална сопственост. Почетоците кои се забележани при извршување на сајбер криминалот датираат пред појавата на интернетот, а се однесуваат на кражба на податоци (engl. data theft). Така да, во 70-тите, првиот компјутерски вирус “Creeper” е креиран, чија цел на напад се телефонски провајдери за да се овозможи бесплатни повици на далечина. Сајбер нападите, кои започнуваат со вирусот “Creeper”, во денешницата, имаме колекција од вируси и малвери. Во однос на компјутерските вируси, од историски аспект, значајно е да се напомене дека вирусот кој се појави во модерните денови на сајбер криминалот е “Morris Warm”, кој е дистрибуиран преку интернет во 1988 година.

**Постои ли заштита во сајбер просторот од аспект на технологија**

Предводници во спречувањето на извршителите на овие дела, пред сè треба да бидат институциите на системот кои ја разработуваат проблематиката на сајбер-криминалот. Постојат три типа механизми, кои може да помогнат во одговор на предизвиците на сајбер-криминалот: алатки за заштита, етика и закони. Овие механизми имаат превентивен и репресивен карактер, при што во нивната примена се дава предимство на превентивните во однос на репресивните мерки.

Во ниеден момент не смее да се заборави на фактот дека не постои апсолутна заштита и дека секој информациски систем е изложен на ризици, но со навремено дејствување, големината на постојниот ризик, можно е да се доведе во прифатливи граници. Особено значаен е аспектот на едукација и обучување на персоналот како и оспособување на носителите, во спротивставувањето на појавните облици како и идентификувањето на феноменолошките и етиолошките карактеристики на компјутерскиот криминал.

Специјални програми треба да се дизајнираат за да се зголеми сајбер безбедноста, а со цел индвидуите да бидат жртви на сајбер криминал во што помал број. Но, за да се постигне наведеното, значајна улога во едукацијата треба да одиграат институциите и невладиниот сектор. Преку преземањето на мерки на ниво на индивидуа во значителна мера се намалува нивото на сајберкриминал на национално ниво.

**Кој е должен да ги заштити граѓаните и банките во сајбер просторот?**

Државни институции одговорни за одредени аспекти на сајбер криминалот, како на пример заштитата на информациската технологија и безбедноста во целина: Министерство за информатичко општевство, Секторот за сајбер криминал и дигитална форензика, кое е во рамките на Министерството за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Центар за управување со кризи и Агенција за електронски комуникации, Агенција за Национална Безбедност, Агенција за разузнавање. Земајќи го сето ова во предвид, важно е да се потенцира дека за да започне да се применува еден функционален систем, потребна е поголема проактивна ангажираност и

соработка со други државни институции, како и измена, дополнување на веќе постоечкиот Кривичен законик и соодветни прописи.

МВР има воспоставено телефонски броеви за граѓаните да можат да пријават компјутерски криминал во Секторот за сајбер криминал и дигитална форензика. Исто така, постои можност да се извести преку веб страницата на МВР„Црвено копче". Страницата има одредени ограничување, бидејќи апликацијата "Црвено копче" е наменета за пријавување какви било сознанија или информации од областа на злоупотреба на деца, криминал од омраза и повикувањето на насилство, како и трговијата со луѓе.

Исто така постои можност за активности поврзани со сајбер криминал да се извести преку е-маил порака. Во целата ситуација, многу важно е да се напомене дека МВР, не може да процесуира случај, доколку извршителот е надвор од државата, при што ги известува надлежните од државата каде извршителот се наоѓа. Во рамките на Агенцијата за електронски комуникации, постои MKD-CIRT веб сите, кој овозможува да се пријавуваат инциденти поврзани со компјутерски криминал. Во однос на приватниот сектор, банките имаат механизам за пријавување, како составен дел од сервисот за корисници.

**Дали можат да бидат нападнати и мобилни телефони и да се влезе сосем во интимата на граѓаните?**

Целата комуникација на паметните уреди е документирана, бидејќи телефоните повеќе не се користат само за зборување. Доколку овие податоци се избришат, истите можат да бидат вратени во целост со помош на софтвер за дигитилна форензика. Во ист контекст, треба да се нагласи дека во денешницата нивото на безбедност при пристап на интернет на одредени веб страници, е-маил или социјални мрежи се користи таканаречена двофакторска автентикација (engl. two-factor authentication). Тоа значи дека покрај традиционалниот начин на пристап со користење на корисничко име и лозинка се користи и дополнителен код кој се добива преку СМС порака. И во овој случај ние не сме безбедни, бидејќи да се добијат корисничкото име и лозинка, како еден од методите е да се креира веб страна со различен домејн, а ист дизајн, при што корисникот кога пристапува го користи вистинското корисничко име и лозинка. Корисникот најчесто преку е-маил порака се измамува да пристапи на лажниот веб сите. Додека во однос на стекнувањето на кодот, кој се добива преку СМС порака, се користи метод на промена на СИМ картичката, односно одредени мобилни оператори дозволуваат промена на СИМ картичката онлајн. Во овој случај се користи социјален инженеринг.

# 6. ПОЗИЦИЈАТА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ВО СОВРЕМЕНАТА ИНФОРМАЦИСКО-ТЕХНОЛОШКА ЕРА

**Проф. д-р Сејдефа Џафче**
Факултет за правни и политички науки при АУЕ-ФОН Универзитет, Скопје

Современите држави, како никогаш до сега не ја истакнале потребата од фискална конолидација. Техничко-технолошкиот развој, а во негови рамки и развојот на интернетот, ги “создаде“ новите форми на губење на јавните приходи, поради различните форми на затајување на данокот, особено во случај на оданочување на мултинационалните компании. Резултат на таквата позиција на државите во борбата против даночната евазија, резултира со преземање на низа активности со цел зголемување на фискалните приходи на сметка на позицијата и правата на даночните обврзници. Еден од облиците на “жртвување“ претставува правото на приватност на даночните обврзници во постапките на меѓународна даночна соработка помеѓу државите. Во последнава декада се преземени навистина сериозни, но и интензивни чекори кон изградба на сосема нов пристап во меѓународната соработката во областа на оданочувањето, под покровителство на меѓународните организации.

Традиционалното поимање за правата на даночните обврзници во услови на интензивен техничко технолошки напредок и напредок на интернет комуникациите добиваат сосема поинаква конотација. Имено глобалните текови овозможија слобода на стопанисување, кое изнедри даночни импликации, како на фискален, така и на планот на позицијата на даночните обврзници во процесот на исполнување на даночната обврска. Современите даночни системи за даночните обврзници ги зголемија обврските од административно-технички карактер. Импликациите врз правата на даночните обврзници се рефлектираат како на домашен, така и на меѓународен план, во светло на растечките овластувања на даночните администрации. Размената на даночни информации, како основна алатка на взаемната правна помош во даночните работи, во било која форма (по барање, автоматска и спонтана размена) на глобален план ја создаде и обврската државите да креираат соодветен инструментариум кој ќе ги заштити правата на даночните обврзници и во тие постапки. Во основа, заложбите на државите се во насока како оданочувањето да го подведат под принципите на владеењето на правото и правната држава преку ограничувањето на субјективното даночно право во корист на даночните обврзници. Универзалниот карактер на правата на даночните обврзници ги “обврзува“ државите за нивна заштита како на национален така и на меѓународен план, вклучувајќи ја и меѓународната правна помош. Но практиката говори за сосема поинаква позиција на даночните обврзници во процесот во размената на информации како во однос на правата од материјална, така и во однос на правата од процесна природа, со оглед на фактот дека во ерата на интернетот, принципот на банкарска тајна е минато.

Сензибилитетот на постапките на правна помош со меѓународен карактер има значаен импакт врз карактерот на правата на даночните обврзници.[1] Консеквентно на тоа, како општо правило е дека постои ниско ниво на заштита на правата на даночните обврзници во прекугранични активности, токму поради специфичноста на постапката на меѓународна правна помош, во која субјекти се суверени држави. Во основа согласно јурисдикцијата на државите, како и согласно билатералните договори за одбегнување на двојното оданочување, даночните обврзници немаат право да се вклучат како странки во постапката, без оглед на значењето но и ефектите што ги имаат овие постапки врз правата и интересот на даночните обврзници.[2]

Трендовите во последните неколку години покажуваат дека мал дел државите во рамките на националното законодавство, но и во рамките на билатералните договори за одбегнување на двојно оданочување и размена на податоци предвидуваат гаранции на заштита на материјалните и процесните правата на даночните обврзници во постапките на даночна соработка помеѓу државите. Во основа, се тргнува од две појдовни точки во кои државите ја предвидуваат заштитата:

- Преку предвидување на правата на даночните обврзници во постапката на размена на информации во рамките на националните законодавства, и во рамките на билатералните и мултилатералните договори; и
- Преку јасни и транспарентни постапки на взаемна правна помош со меѓународна компонента, согласно утврдени стандарди кои се во насока на заштита на доверливоста на информациите.

Клучни прашања на теоретската јавност се релациите помеѓу даночната доверливост и транспарентноста како една од клучните теми во современото даночно право. Под влијание барања на моќни меѓународни организации за даночна транспарентност, традиционалното право на даночните обврзници на доверливост и доверливост на податоците во процесот на оданочување, сè повеќе се стеснува на национално и натаму на меѓународно ниво. Може да се каже дека Г20 даночната транспарентност ја подигна како клучна компонента на глобалната фискална стабилност. Во современите демократски општества се прокламира правото на поединците за приватноста на личната сфера на животот. Сепак, специфичноста на даночната усогласеност како обврска подразбира обелоденување на одредени факти поврзани со стекнување приход и сопственост на имот, семеен статус, здравствена состојба даночни обврзници и други релевантни податоци, за правилно идентификување даночни обврски. Даночните власти очекуваат лојалност и искреност од даночните обврзници во односите со даночната администрација, со гарантирање на безбедност и доверливост на податоците во даночната постапка, квалификувајќи ги како службени тајна. Во спротивно, даночните обврзници не би им верувале на даночните власти и би се воздржале или само селективно би давале податоци што би влијаеле на намалување на даночните обврски. Во мноштвото информации и факти за физички и за правни лица кои во денешно време се собираат и

[1] R. Cordeiro Guerra & S. Dorigo, "Taxpayer's Rights as Human Rights during Tax Procedures, in Human Rights and Taxation in Europe and the World", *Online Books IBFD*, 2011, стр. 425, достапно на: *https://online.ibfd.org/linkresolver/static/hrte_p07_c24?WT.z_nav=crosslinks*, дата на пристап: (03.09. 2020).

[2] IBFD, Observatory on the Protection of Taxpayers' Rights 2015-2017 General Report on the Protection of Taxpayers' Rights, 26 April 2018, 3-5.

наоѓаат на интернетот, потполно е сигурно дека даночните обврзници не можат да дознаат за неовластено откривање или злоупотреба на податоците што ги држат даночните власти. Таква потенцијална опасност е особено изразена во процесите на меѓународна даночна соработка во форма на автоматска размена на финансиски информации со примена на интернет комуникациите.

Заштитата на правата на даночните обврзници во постапката на правната помош во даночните работи низ призмата на гарантирани стандарди во размената на даночните информации претставуваат значаен сегмент на истата. Тука државите треба да обезбедат соодветни правила кои ќе овозможат доверливост на податоците што се предмет на размена во смисла на начин на нивниот трансфер, употреба, пристап и третман. На планот на креирање на стандарди за размена на податоци, најнапред, на ниво на ЕУ е донесена Директивата за заштита на физичките лица во постапките на обработка и пренос на таквите податоци од 1995.[3] Потоа ОЕЦД и Глобалниот форум за транспарентност и размена на информации преку заеднички водич ги претставија правилата за заштита на доверливоста на разменетите даночни информации.[4] Како и во рамките на билатерални договори за одбегнување на двојно оданочување на доходот и имотот, во рамките на членот 26 се дадени рамки на третман на информациите кои се предмет на размена и тие се сметаат за тајна согласно националните прописи.

За таа цел државите треба да изградат јасни и концизни правила со кои би ја зајакнала заштитата на податоците од евентуалните злоупотреби. Генерално најголемите слабости се јавуваат при автоматската размена на податоците преку интернет која на глобално ниво е сè поактуелна. Имено степенот на развиток на државите исто така претставува пречка и во размената на информации, бидејќи неразвиените држави не се во можност да изградат информатички систем кој ќе ги задоволи стандадрите за размена. Од тие причини доколку некоја држава нема соодветни правила за доверливост, треба да одбие да спроведе мерки за заемна правна помош поради недоволно заштита на правата на даночните обврзници.

[3] Directive 95/46/EC of European Parliament and of the Council on the protection of individuals with regard to the processing of personal data and on the free movement of such data, Official Journal of European Communities, No. L 281, 1995.

[4] OECD and Global Forum on Transparency and Exchange of Inormation for Tax Purposes, "Keeping It Safe Joint OECD/Global Forum Guide on the Protection of Confidentiality of Information Exchanged for Tax Purposes."

# 7. ИНТЕРНЕТОТ И ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА (ОД БЕНЕФИТ ДО ЗАВИСНОСТ И БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК ЗА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ)

**Проф. Д-р Татјана Велкова**
Универзитестки професор

Современиот човек е зависен од интернетот- една од најголемите придобивки на науката и технологијата во XX-иот век. Го користи за учење, за работа, за творење, да создава и истражува, да тргува, да се лекува, да се заштити, да комуницира со останатите луѓе, групи и институциите, да промовира идеи и убедувања, што значи интернетот е нужност во сите сфери на современото живеење.

Покрај неспорните придобивки, современата цивилизација е приморана да се соочи со уште една форма на масовна, видлива, специфична појава со бројни последици од зависноста кај бројната светска популација од интернетот- интернетманијата. Имено, прекумерното користење на интернетот, според наше мислење, сѐ повеќе добива карактер на масовна  социопатошка појава со бројни негативни импликации врз индивидуите, особено врз младите како индивидуална појава и врз целото општество, како масовна појава. Со други зборови, интернетманијата е нус продукт на хипер интензивното користење на интернетот, наспроти разумно и рационално управување и контрола врз самата придобивка- интернетот.

## Поим и дефинирање на интернетманијата

Интернетманијата претставува нова социопатолошка појава која претставува силна, до степен на зависност, потреба од постојано и интензивно користење на интернетот од страна на поединец и/или маса луѓе, многу повеќе од вообичаените реални работни или животни потреби, со што предизвикува негативни психолошки и други последици врз поединецот и општеството. Со други зборови, интернетот наместо средство на современото живеење и комуникација станува порок кој на младата индивидуа ѝ овозможува „бегство од реалноста”, со што го уназадува нејзиното нормално однесување, работа и правилен раст, развој и созревање. Интернетманијата, всушност, претставува злоупотреба на интернетот од страна на неогранчен број, првенствено млади луѓе, со предизвикување на тешки последици на сопствена штета. Со тоа, и според насоченоста на дејствието, кон самиот себе си и кон непосредното опкружување, интернетманијата го носи белегот на социопатолошка појава. Имено, корисникот на интернетот станува негова жртва со силно изразена самовиктимизација, т.е. придонес на жртвата во сопственото разнебитисување.

## Видови интернетманија

Со анализа на начините на виктимизација со прекумерното и штетно користење на интернетот, ги издиференциравме следниве видови интернетманија:

- користење-увид во веб страници со негативни содржини (насилство, порнографија, криминалитет и друго);

- виртуелна комуникација на „социјалните мрежи”, стекнување „пријателства” со непознати и изложување на опасност;
- играње видео игри и игри на среќа;
- аплицирање на сомнителни огласи;
- најчесто интернетманијата се огледа во штетно користење со комбинација од наведените начини;

Со прекумерното и некритичко користење на интернетот, исто како и во случај на другите социопатолошки појави, лицата зависни од интернетот, најчесто младите, „бегаат од реалноста” и се затвараат во сопствен, виртуелен свет, полн со илузии и неизвесност. Со тоа, младите го губат чувството за време и за обврските, ги воспримаат негативните содржини како нормална појава, доаѓаат до бесконечното мноштво од бесмислени, па дури и апсурдни информации за животот и „достигнувањата” на другите што психолошки ги оптоварува во насока на имитирање на лица и нивни негативни поведенија. Исто, со интернет комуникацијата се доведуваат во опасност да станат жртви на тероризмот, на трговијата со луѓе, на наркоманијата, на комарот и на други тешки форми на криминалитет или социопатолошки појави.

Исто така, по пат на анализа, ги издвојуваме причините за масовното потпаѓање под интенетманијата како порок:

- чувство на осаменост на младите;
- сѐ поизразено отсутво на членовите на семејството од дома заради егзистенцијални причини, заради што доаѓа до нарушување на семејните односи и семејната атмосфера;
- љубопитност, желба за излегување од анонимност и свртување на јавноста кон себе, давање на важност на сопствената сексипилност и сл.;
- манифестирање на висока слобода на личноста и на духот на отвореност кон целиот свет;
- широка распространетост на ИТ технологијата и неограничен пристап кон интернет мрежи и платформи.

Најопштите состојби и услови за појавата и ширењето на интернетманијата се неконтролираната емисија на спорни интернет содржини, како и неможноста да се оствари ефикасна контрола врз користењето на интернетот во секој дом, во секое училиште и во секоја институција. Основано претпоставуваме дека ваквата состојба е предизвикана, од една страна, од неопходноста од користењето на интернетот во сите сфери од животот како современа придобивка, а од друга страна е мотивирана од стекнување на енормен профит на креаторите на компјутерските софтвери, провајдерите и на останатите субјекти кои профитираат од користењето, вклучувајќи ги и криминалните структури. Оттука, човештвото најитно мора да изнајде соодветни механизми за ефикасна контрола над провајдерите и корисниците, со цел спречување на интернетманијата како модерна социопатолошка појава на силен конфликт на чувствата и конфликт помеѓу реалноста и илузиите, егзибиционизмот, денгубењето, создавање искривена слика за себе си и виктимизација во сопствениот дом и пред очите на родителите. Овие општи последици на интернетманијата, конкретно се маниферстираат како:

- намалена способност за учење и работоспособност;
- намален праг на толеранција кон членовите на семејството;
- намалена одговорност кон другите и кон прифатените обврски;

- зголемена склоност кон лажење и други форми на некритичко апсолвирање на ставови и информации;
- зголемена склоност кон јавно сексуално претставување;
- зголемена виктимолошка предиспонираност на трговија со луѓе, сексуална злоупотреба, тероризмот, наведување на самоубиство и др.;
- зголемена изложеност на штетно зрачење;

**Превенција и сузбивање на интернетманијата**

Колку што е голема потребата од интернет мрежата, толку е голема потребата за превенција од нејзините штетни последици, особено кај младата генерација. Оттука, цениме дека интернетманијата треба сериозно да се третира со широк спектар од планирани општествени мерки, како и информатичко-технолошки решенија кои ќе ги ограничат и селектираат штетните временски и содржински нуспродукти на интернетот како нужност на современото живеење и работење.

Државите, воочувајќи ги негативните последици од интернетот и прекумерната и штетна изложеност на новиот медиум, преземале дури и ригорозни санкции. Така, во Кина пред неколку години беше укината казната телесно казнување на зависниците од интернетот, а во низа други држави се презедоа мерки за ограничување на можноста од ваквата штетна изложеност. Се чини дека сè лежи во интернет провајдерите и правните системи на секоја одделна држава. Имено, со регулирање на строги правни правила, ниту едно дете не би смеело да се дозволи да има неограничен и неселективен пристап на интернет. Ова се однесува како за можноста за пребарување на одредени веб страници, така и на можноста за отварање и користење профили на социјалните мрежи.

Во Република Македонија се реализирани неколку проекти во таа насока, но сепак отсуствуваат некои позавидни резултати. Беа реализирани и неколку кривични пријави за изнуди во врска објавување на снимени клипови од сексуални сцени со млади девојки, од кои, некои беа на тинејџерска возраст. Во основа, интернетот во овие случаи беше средство за извршување на останати кривични дела од областа на имотниот криминалитет, сексуалните деликти и кривичните дела против животот и телото, но, под поимот превенција на интернетманијата ги опфаќаме сите потребни мерки и активности кои ќе ја спречат зависноста од нивното користење, а со тоа и негативните последици по здравјето, правилната насоченост на активностите кај младите и нивно формирање во социјално здрави и емотивно стабилни личности. На интернет страница на група, со злоупотреба на лични податоци на деца и млади, беа објавени фотографии, адреси и телефонски броеви од млади лица без нивно знаење и согласност. Во групата имаа пристапено повеќе илјади членови, а исход од кривичните постапки поведени против основачите сèуште нема.

За превентивната цел, на ова место, на ова место, нагласуваме најмалку три вида општествени мерки:

- правилното и креативно планирање, организирање и искористување на слободното време на младите, како и постојана едукација и воспитување за создавање заштитни механизми од сè поголемиот наплив на штетните последици од оваа масовна појава. Истовремено,

- создавање безбеден интернет простор, што значи можност за пристап само кон безбедни и контролирани интернет содржини на децата и младите,

- државноправна реакција со санкционирање на провајдерите и корисниците кои ги злоупотребуваат интернет технологијата и комуникацијата во криминални цели, особено оние кои тоа го прават на штета на најмладите.

Со други зборови, единствен излез од интернетманијата е изнаоѓање на баланс помеѓу интернет како сервис и неговата злоупотреба изразена како зависност и лична и општествена безбедносна закана и ризик за младата индивидуа!

# 8. ЗЛОУПОТРЕБА НА ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈАТА, ПРАВНАТА ЗАШТИТА ПОМЕЃУ ГАРАНЦИЈАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА И ЗЛОУПОТРЕБИТЕ СО ДЛАБОКИ ПОСЛЕДИЦИ

**проф. д-р Татијана Ашталкоска-Балоска**
АУЕ ФОН Универзитет-Скопје

Во светот во кој денес живееeме како свет на технологијата и интернетот, монопол над сите облици на комуникација помеѓу луѓето несомнено имаат социјалните мрежи. Од една страна тие како корисни алатки за комуникација ни помагаат да ја допреме и да одржуваме контакти со надворешната средина, а од друга ни помаагаат да ја оформиме сопствената слика во јавноста во онаа форма во која сакаме истата да биде обликувана, многу полесно и поедноствно отколку на некој од традиционалните начини за претставување.

При тоа, таквата корисна моќ на нашата комуникација, нужно изискува прешироко „претставување„ во јавноста, со откривање на информации и податоци кои вообичаено при комуникацијата преку останатите средства за комуникација не би ги откриле, без особена грижа за нивното откривање и можната злоупотреба, водејќи се од желбата за подобра комуникација и придобивките кои се добиваат, кои често предизвикуваат позитивни чувства, задоволство и сл.

Тргнуваме со нашата свест за постоење на правото на приватност, при тоа во било која друга ситуација, и премногу го истакнуваме, цениме и бараме истото да биде остварено во вистинска смисла на зборот, но во овој облик на комуникација како да заборавме за неговата вредност и важност, премногу наивно впуштајќи се во негово загрозување.

Уште поинтересно станува за анализа кога, под влијание на сите првични злоупотреби, кога и недоволно беше ова подрачје истражено, се создаваат одредени услови на почитување на правото на приватност при пристапување кон користење на социјалните мрежи, промена на политиката на чувањето на податоците и сл, кое нужно предизвика, обврска за прифаќање на одредени услови пред пристапување кон одредена мрежа или апликација, што предизвика само автоматско прифаќање и согласување со условите без навлегување во суштината на она што го прифаќаме. На таков начин уште повеќе дозволуваме да бидат податоците искористени, не би рекла злоупотребени, зошто на ваков начин свесно го прифаќаме се она што како услов ни е поставено, во голем дел и можност слободно да бидат користени тие наши податоци.

Освен социјалните мрежи уште една корисна алатка на интернетот може да претставува основ за понатамошна злоупотреба на личните податоци и правото на приватност, а тоа е можноста и моќта на алатките за пребарување преку интернет кои денес постојат. На овој начин многу брзо и лесно доаѓаме до податоци кои ни се потребни за одредено истражување, објект на интерес, решавање на некоја задача, добивање податок за некое, историско, политичко, економско или било какво друго прашање кое е наш предмет на интерес. При тоа заборавајќи секогаш дека преку таквото пребарување, оставаме траги зад себе, во овој нов свет, податоци,

информации, кои може и тоа како да бидат основ за нарушување на правото на приватност и за одредена злоупотреба, во форма на некој полесен престап, прекршок, па дури и казнено дело.

Кражба на лични податоци, нивно искористување за реализација на некое законско битие од економско казнено дело, финансиски криминал, комјутерски и сл. Често ваквите податоци може да бидат искористени и како средство за извршување на некое од конвенционалните облици на криминалитет, само со примена сега на современите средства и начини за негово извршување, закани, уцени и сл. Широка е лепезата тука во однос на тоа што се како дејствие на изврушување може да претставува казнено дело, извршено преку користењето и злоупотреба на лични податоци кое може да се случи преку интернет технологијата, почнувајќи од основите облици на нарушување на правото на приватност, кои ќе значат само откривање на податоци но, сеуште без навлегување во зоната на казнивост, во смисла на постоење на некое казнено дело, се до најтешките облици на казнени дела, поврзани со современите облици на организиран криминалитет, па дури и тероризам.

Оттука, барањето начини за пред се превенција на овој облик на злоупотреба на правото на приватност е од особено значење, како за поединецот, граѓанинот, и заштита на неговото лично право на приватност, така и за пошироката средина и самата држава, бидејќи  загрозувањето на основните човекови слободи и права, не треба да се разбере само како нешто што ќе предизивика позитивни лични чувства и добра туку и општо добро, како еден  од начините за функционирање на едно здраво демократско општество. Нарушувањето и ограничувањето на ова право, во никој случај не треба да се разбере како нешто што нема да го доведе во опасност постоењето на таквото општество и нема да предизвика други сериозни последици, особено во развојот на младата личност, појава на низа отстапувања во овој дел, како и во крајна линија, малолетничка деликвенција и низа соципатолошки појави.

Токму интернет манијата денес и се издвојува во теоријата како нова соципоатолошка појава, на која нужно треба да и е обрати соодветно внимание, често и како основ, за жал за нејзино лесно преминување во водите на деликвенцијата и криминалитетот.

Па така, превентивните мерки што пред се би требало да се преземат, и се преземаат секогаш се насочени кон зголемување на свеста за постоење начини за брза злоупотреба и неовластено користење на нашите податоци, секогаш кога пристапуваме кон користење на интернет алатка. Ова нужно бара и зголемување на свеста за познавање на начините за користење и заштита на нашите податоци кои ги правиме достапни на овој начин, бидејќи како што постојат голем број начини за злоупотреба на личните податоци, така денес и постојат и огромен број на механизми кои исто така се одредени интернет алатки, програми и сл, за нивна заштита. Едукацијата, за нивно постоење и користење, сигурно ќе предизвика насочување само кон корист која произлегува од користењето на интернет технологиите денес, и нивните придобивки.

Заштитата пак на злоупоторебата на личните податоци преку казнено правни мерки, треба секогаш да биде насочена само кон посериозните облици на нарушување на ова право, во насока на реализацијата на целта на казнувањето само тогаш кога навистина е тоа нужно и не може на друг начин да се оствари.

Ова од причини што честото користење на овие механизми во насока на откривање на овие казнени дела, може да предзивика преголемо навлегување повторно во правото на приватност, сега веќе на потенцијалниот сторител на

казненото дело, за кого треба да се почитува пресумпцијата на невиност. Државата има право да го употребува својот апарат на физичка принува како начин, механизам да заштити одредено добро и право, тогаш кога е повредено, но таа цел секогаш треба да биде нужно оправдана и не поголема од злото кое при тоа се заканувало како мотив за делото, и секако не оправдана тогаш кога истата цел би можела да се оствари со други мерки и механизми кои нема да значат во таа мера навлегување и ограничување на основните човекови слободи и права.

## 9. ИСКУСТВА, ПРАКТИКИ И ЗАКОНСКИ ИМПЛИКАЦИИ НА ИКТ ТЕХНОЛОГИИТЕ

**проф. д-р Славчо Чунгурски**
Факултет за информатика, УТМС Универзитет- Скопје,
slavcho@chungurski.mk

**Апстракт:** Во овој труд се опишани типични примени на ИКТ технологиите во донесување на одлуки во законодавството. Опфатени се резултати од истражување во врска со користењето на интернетор од страна на младите во Македонија, како и нивната свесност за ризиците од користење на вакво вид комуникација, а дадени се и типични примери на барања за вештачење од областа на информатички технологии, поврзани со интернет комуникациите, како и пракса и алатки кои се користат за изработка на ваквите вештачења.
**Клучни зборови:** информатички технологии, интернет, ИКТ, вештачење

1. ИКТ – нормативно уредување

ИКТ технологиите отвораат специјализирана и иновативна област што се бара од сегашната употреба на современи информатички и комуникациски технологии кои сега претставуваат нови предизвици. Тие бараат решенија што може да се постигнат само преку комбинација на знаење и експертиза во практикувањето и примената на законите во оваа област. Типична примена на ИКТ технологиите во законодавството во Македонија опфаќа широк спектар на специјални случаи кои најчесто се и комбинација од примената во:

- Информациски технологии и трудово право
  - Информатичка технологија и деловна организација
  - Употреба на интернет, е-пошта и работни односи.
  - Користење на компаниски медиуми
  - Аспекти поврзани со тајноста и приватноста на комуникациите
  - Штета предизвикана од злоупотреба на ИКТ (компјутерски вируси, компјутерски упад)
  - Закон за работни односи и работа од далечина
  - Интелектуална сопственост и дела што произлегуваат од договорот за вработување.
  - Одговорност на персоналот на компанијата во врска со употребата на нови технологии.
  - Системи за видео надзор
- Компјутерски криминал
  - Упад во компјутерски системи;
  - Злосторства против приватноста;

  - Нелегален пристап до лични податоци;
  - Оштетување на компјутерска опрема;
  - Фалсификување на електронски документи;
  - Кривични дела против интелектуалната сопственост.
  - Интернет трговија со нелегална содржина, детска порнографија, итн.
  - Посебни мерки во недозволени активности на малолетници.
- Интернет технологии
  - Објави на веб-страници и социјални мрежи
  - Комуникација преку социјални мрежи и
  - Имиња на домени и нивна регистрација
  - Договори за развој на веб-страница и хостирање
  - Он-лајн продажба (директна и индиректна)
  - Трговски комуникации (рекламирање / промоција на продажба / употреба на е-пошта како рекламно средство и неговите барања).
  - Мобилни комуникации
  - GPS системи

2. Интернет комуникациите и нивното користење од младите во РМ

Во месец мај 2021 година, од страна на Институтот за менаџмент со знаење е спроведено истражување во врска со согледување на нивото на свест на средношколската популација за опасностите од Интернет комуникацијата. Целната група беше средношколската генерација и во истражувањето учество земаа 102 млади лица меѓу 15 и 20 години. Истражувањето опфати спроведување на анкета со специјално дизајниран прашалник од 20 прашања, како и негова анализа, при што се добија интересни резултати.

Имено, сите анкетирани лица се секојдневни корисници на интернет, при што голем дел од поминатото време го поминуваат на социјалните мрежи како што се Facebook, Tweeter и Instagram. Нешто под 27% од нив поминуваат помалку од 2 часа дневно на овие социјални мрежи, а преку 43% поминуваат повеќе од 4 часа дневно на овие социјални мрежи. Интересен е податокот што укажува дека 2/3 од испитаниците првенствено преферираат комуникација само преку социјални мрежи, а нешто над 20% преферираат комбинација и преку социјални мрежи и преку мобилен телефон. Резултатот покажува дека комуникацијата кај младите лица е речиси целосно насочена кон комуникација преку социјални медиуми и дека другите форми на комуникација се застапени во многу помал обем.

Според истражувањето, младите лица (86%) се свесни дека интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредни контакти, за разлика од само 2% кои го сметаат сосема спротивното.

Сите испитаници сметаат дека интернет комуникацијата ги поедноставува нивните обврски во смисла на лесна достапност до информации, податоци, материјали, поврзување со други лица, и слично.

Податоците добиени од истражувањето укажуваат и дека младите лица се свесни за заканите кои постојат на Интернет. 68 од нив (2/3) сметаат дека интернет просторот не е безбеден за нивните податоци, фотографии и воопшто за приватноста за разлика од само 7 кои сметаат дека нивната безбедност воопшто не е под закана.

Многу мал дел од младите лица (под 13%) сметаат дека во рамките на формалното образование стекнуваат знаења за можните негативни импликации од интернет комуникацијата, па затоа многу голем дел од нив (87%) присуствувале на работилници или на други начини се стекнале со знаење за можните негативни импликации од интернет комуникацијата, што придонесува до тоа целиот примерок од испитаниците да е свесен за можните злоупотреби во интернет просторот, каде најголемиот дел од нив (89%) се загрижени за злоупотребата на личните податоци, вклучително и фотографии и други компромитирачки материјали.

Истражувањето покажа и де најголем дел од младите луѓе (96%) се свесни за постоењето на групи/форуми каде може да се злоупотребат податоци од лица без нивна согласност, како што беше на пример случајот со групата „Јавна соба“. Голем дел од нив (49%) воопшто не се запознаени дека активностите како споделување на компромитирачки материјал на разни форуми/групи на социјалните медиуми се инкриминирани како кривични дела, иако 25% од испитаниците веќе се соочиле со негативно искуство во однос на злоупотреба на лични податоци на интернет. Од овие испитаници само 7 побарале институционална помош, иако 76% од примерокот се подготвени да го побараат тоа во таква ситуација.

За разлика од останатите, 18% од испитаниците прецизното законско регулирање на активностите на Интернет би го доживеале како ограничување на слободата на изразување и информирање, а добар дел од учесниците (2/3) знаат кој субјект ги креира правните норми за безбедна комуникација на Интернет и кој го контролира нивното спроведување. Во однос на тоа пред кој орган може да се пријави злоупотреба на лични податоци, 62 испитаници ја наведуваат Дирекцијата за заштита на лични податоци, 10 го наведуваат МВР, додека 30 од испитаниците не знаат/не се сигурни каде да пријават злоупотреба на личните податоци, додека 86% од нив, повреда на нивната приватност преку социјалните мрежи би ја пријавиле во МВР.

Како што може да се види, резултатите од истражувањето ја покажуваат секојдневната изложеност на младата популација на интернет. Тие преку формалното образование се стекнуваат со некои знаења за ризиците и потенцијалните опасности од активностите во интернет просторот, но според резултатите, голема улога имаат и обуките/работилниците на оваа тема. Младите ја гледаат интернет комуникацијата како примарен начин на комуникација, која ги надминува другите форми на комуникација (непосредна комуникација), иако најголем дел од нив се свесни/сметаат дека Интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредните контакти. Покрај предностите на интернет комуникацијата, младите лица се свесни и за потенцијалните ризици кои постојат, особено од аспект на злоупотреба на нивните лични податоци, но само делумно се информирани за законските мерки, процедури, како и механизми и/или институции кои ќе им овозможат заштита.

3. Искуства, и судска практика при злоупотреби

Со појавата на информатичките технологии, а особено со појавата на интернетот, се појавија и судски предмети во кои вештачењето на ИКТ технологиите станаа неопходни за успешно решавање на предметите. Во Македонија, Законот за вештачење ја вклучува областа на информатички технологии и денес брои вкупно 14 експерти од оваа област. Зад авторот на овој труд стојат преку 200 завршени предмети

од оваа област, па во продолжение се опфатени неколку поинтересни примери во врска со интернет комуникациите, како и алатки кои се користат за успешно завршување на истите.

**Комуникации.** Еден од најчестите примери во судските вештачења од областа на интернет технологиите е вештачењето на комуникациите преку електронска пошта, преку социјалните мрежи, пред сè Facebook, како и вештачење на SMS пораки. Вештачењето на комуникацијата на електронската пошта и социјалните мрежи се врши со директен пристап до самите сметки од овие канали за комуникација, каде со непосреден увид се утврдува автентичноста на комуникацијата, а за SMS случаите, со непосреден увид во телефонскиот апарат. Вообичаено, кај ваквите предмети се бара транскрипт на комуникацијата во оригинал и во хронолошки редослед. Често пати, поради различни причини, се случува да во предметните канали оваа комуникација е делумно или целосно избришана, што бара дополнителен увид директно на серверите за овие канали, што во случаи на глобалните мрежи (како што се Google, Facebook и слично) се наметнува потреба од интервенција на судот, да се побараат дополнителни информации од овие ентитети, што придонесува до одлагање на решавање на процесот. Во случај на SMS пораки, со соодветна наредба од судот или јавното обвинителство, мобилните оператори вообичаено одговараат брзо, со веќе изготвен транскрипт на комуникацијата. Во случаи кога се работи за тешки кривични дела, како што се тероризам, организиран криминал, педофилија или дистрибуција на детска порнографија, глобалните мрежи имаат поинаков пристап, и вообичаено брзо одговараат на барањата.

**Објави на веб страни.** Во многу случаи има потреба да се провери дали нешто, некогаш било објавено на некоја веб страница. На пример, добар дел од ваквите случаи биле објави на документи од некои институции, кои во моментот на отпочнување на спорот ги немаат објавено тие документи, или пак е важно кога биле објавени. Друга примена на ваквите вештачења е и во врска со авторски права, на пример, заштитени фотографии кои се објавени од страна на портали, без да се добие дозвола од авторот на фотографијата, а во меѓувреме, по најава на тужба се веќе отстранети. Во ваквите случаи, пристапот за решавање е едноставен. Имено, еден механизам кој постои на интернет, наречен веб архива достапна на web.archive.org, нуди можност да се провери дали постои податок за постоење на некоја објава на некој домен во некоја одредена временска рамка. Алатката Wayback Machine од интернет архивата овозможува архивирање на web страни од целиот интернет при што во моментот околу 580 милијарди веб сајтови заедно со нивните поврзани податоци се архивирани и сместени на серверите на Интернет архивата. При тоа, овие сајтови се достапни за јавноста, што значи дека преку сервисот може да се види како порано изгледале одредени сајтови или пак може да се пристапи кон содржините на сајтови кои веќе не постојат. Иако постои механизам, интернет архивата да се оневозможи за одреден веб-сајт, најголемиот дел од веб-сајтовите ја немаат таа опција, па алатката е многу корисна во најголемиот број на вакви случаи.

**Дистрибуција на детска порнографија.** Иако можеби звучи неверојатно, но истражувањето од претходниот дел навистина е потврдено со бројот на случаи на дистрибуција на детска порнографија во Македонија. За последните 2 години, авторот има работено на дури 4 вакви случаи, кај сите од страна на одбраната на обвинетиот, со оглед на тоа што од другата страна се наоѓа наод од Одделението за компјутерски

криминал на МВР, а со оглед на тоа што ваквите случаи се обвиненија за кривични дела. Во контекст на истражувањето, интересен податок е што 3 од овие случаи се случаи кога малолетни лица се обвинети затоа што се снимаат за време на интимен однос и потоа снимките ги споделуваат меѓу себе, а во еден случај и со трето лице „од доверба“. По дојава, со запленување на уредите, Одделението за компјутерски криминал на МВР востановува дека материјалот бил излезен од уредот и во ваквите случаи и споделувањето на материјалот само со другата страна претставува основа за обвинение за кривично дело – дистрибуција на малолетничка порнографија.

**Злоупотреба на DLP системи.** Барањата за вештачење во оваа област се прилично актуелни во последно време. Имено, Ковид-19 пандемијата несомнено остави големи таги на општеството, и воведе нови начини на функционирање на секој сегмент од општеството. Работата од дома стана нормална работа, така што многу компании загрижени за компаниските податоци воведоа т.н. DLP (Data Leakage Protection) системи. Тоа се системи кои имаат комплетна контрола над компјутерите на кои се инсталирани, вклучително и периферните уреди од компјутерите, како што се камерата и микрофонот. Кај ваквите случаи, наместо компаниите да обезбедат виртуелни компјутери на кои би работеле вработените, тие инсталираат DLP софтвер (во некои случаи и на приватен компјутер) преку кој можат да вршат 24 часовно мониторирање на сè што се случува во и пред компјутерот на кој е инсталиран софтверот, со што е нарушена приватноста на вработените и надвор од нивното работно време, и за што следат соодветни тужби за нарушување на приватноста од страна на вработените.

**Картични трансакции.** Појавата на интернетот како глобална мрежа овозможи пристап и до информациите од платежните картички во и надвор од Македонија. И во Македонија има случаи каде има оштетени лица кои ги користеле своите картички за плаќање преку интернет, но има и обвиненија за изработувачи на туѓи платежни картички, најчесто сопственост на странски граѓани, кои потоа ги користат за нелегално користење. Ваквите случаи се решаваат со поддршка на локалните банки кои ги издавале картичките и глобалните платежни оператори (Visa, Mastercard и други), од каде се извлекуваат соодветни логови на активности и врз основа на нив, најчесто и со вкрстување со податоци од патувања на корисниците потврдени од патните исправи, се утврдува дали оштетените имале можност самите да ги направат тие трансакции, или не.

**Легализација на диоградби.** Не редок случај се и предметите во врска со законот за легализација на дивоградби. Имено, сопствениците на дивоградби кои сакаат да ги легализираат своите дивоградби треба да докажат дека дивоградбите биле изградени пред некој датум утврден со Законот. Вештачење од областа на информатичките технологии е доволен доказ тоа да се потврди, а ваквите предмети се решаваат со пристап на интернет алатката Google Earth која во себе содржи и историски податоци, т.е. оваа алатка користи сателитски снимки кои се прават во одреден период на секоја точка од земјината топка. На овој начин, тешко е да се утврди точниот датум кога е почната или завршена некоја градба, но можно е да се утврди дали на некој датум (или некој близок до него) градбата била веќе изградена или не.

**Утврдување на локација.** Денес ретко кое лице нема свој мобилен телефон кој е постојано со него. Мобилните телефони, како радио уреди, се конектираат на повеќе базни станици од операторот во исто време, за што базните станици во секое време

снимаат кој телефон во кое време на кое растојание се наоѓа од таа базна станица. Овие податоци, вообичаено на барање на судот, се обезбедуваат од страна на мобилните оператори, а потоа, врз основа на овие податоци може да се утврди растојанието на некој мобилен телефон од барем три базни станици. На овој начин, со специјална пресметка наречена триангулација, може да се утврди точната локација на телефонскиот апарат во одреден момент. Иако, локацијата на мобилниот телефон не мора да значи дека и корисникот бил на истата локација, ваквите видови на вештачење, во комбинација со други докази, навистина помагаат во разрешување на судските процеси.

4. Заклучок

Информатичките технологии и интернетот станаа дел од нашето секојдневие. Тоа придонесе и до ризици од нивното користење, за што, врз основа на истражувањето спроведено од Институтот за менаџирање со знаење, иако најголемиот дел од младите се подготвени за живеење со овие ризици, сепак има потреба за нивно доедуцирање во однос на оваа тема, со што ќе бидат подготвени како да ги спречат или да се заштитат од овие ризици во текот на нивниот понатамошен развој. Дадените примери за вештачење од областа на информатичките технологии поврзани со интернет комуникациите треба да послужат како доказ за тоа дека во денешно време кога мемориските уреди се ефтини, буквално секоја активност на интернетот се „снима“ и останува некаде во „облакот“ како трајно знаење.

# 10. ИСТРАЖУВАЊЕ И РЕЗУЛТАТИ

Прилог 1:

## 10.1. АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

*Анкетниот прашалник е наменет за млади лица кои користат Интернет. Прашалникот е анонимен и податоците ќе бидат искористени исклучиво за научни цели. Ви благодариме за соработката.*

1. Колку често користите Интернет во секојдневната комуникација?
   - Секојдневно
   - Повремено
   - Не користам Интернет

2. Колку време отприлика во текот на денот поминувате во комуникации преку социјалните мрежи (Facebook, Tweeter, Instagram)?
   - Помалку од два часа дневно
   - Повеќе од два часа дневно
   - Повеќе од пет часа дневно

3. Дали преферирате комуникација преку мобилен телефон или преку социјалните мрежи?
   - Преку мобилен телефон
   - Преку социјални мрежи
   - Преку мобилен телефон и преку социјални мрежи

4. Дали сметате дека Интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредните контакти?
   - Не
   - Да
   - Делумно

5. Кои сметате дека се најголемите предности на Интернет комуникациите?

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
________________________________________________________________________
_____

6. Дали Интернет комуникацијата ги поедностави вашите секојдневни обврски (во смисла на лесна достапност до информации, податоци, материјали, поврзување со други лица, итн)?

- Да
- Не
- Делумно

7. Дали сметате дека Интернет просторот е безбеден за вашите податоци, фотографии и воопшто за приватноста?
    - Сметам дека е безбеден
    - Сметам дека не е безбеден
    - Сметам дека е само делумно безбеден

8. Дали во рамки на формалното образование стекнавте/стекнувате основни знаења за ризиците и потенцијалните опасности од активностите во Интернет просторот?
    - Да
    - Не
    - Делумно

9. Дали сте присуствувале на обуки, работилници или преку други начини сте стекнале знаење за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата?
    - Да
    - Не
    - Делумно

10. Дали сте свесни за можните злоупотреби во Интерет просторот?
    - Да
    - Не
    - Делумно

11. Кои потенцијални злоупотреби ги сметате за најризични?

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

__________________________________________________________________

12. Дали сте информирани дека постојат форуми и групи на Интернет во кои се распространува компромитирачки материјал, без согласност од личноста на која се однесуваат?
    - Информиран\а сум
    - Не сум информиран\а
    - Делумно сум информиран\а

13. Дали знаете дека таквите активности се инкриминирани како кривични дела?

- Знам
- Не знам
- Делумно

14. Дали евентуално имате негативно искуство со злоупотреба на ваши лични податоци на Интернет?
    - Да
    - Не

15. Доколку сте имале такво искуство, дали сте побарале заштита?
    - Да
    - Не

16. Доколку во иднина се соочите со такво искуство, дали ќе го пријавиле и ќе побарате заштита од надлежен орган?
    - Да
    - Не
    - Веројатно

17. Дали прецизното законско регулирање на активностите на Интернет би го доживеале како ограничување на слободата на изразување и информирање?
    - Да
    - Не
    - Делумно

18. Дали знаете кој субјект ги креира правните норми за безбедна комуникација на Интернет и кој го контролира нивното спроведување?
    - Да
    - Не
    - Не сум сигурен\а

19. Пред кој орган можете да пријавите злоупотреба на личните податоци?
    - Пред ________________________________________________________
    - Не знам
    - Не сум сигурен\а

20. Дали знаете пред која институција можете да се обратите во случај на повреда на вашата приватност преку Facebook, Tweeter, Instagram или други платформи?
    - Пред ____________________________________________
    - Не знам
    - Не сум сигурен\а

Прилог 2:

## 10.2. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО „ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈА - ПРЕДНОСТИ И ЗЛОУПОТРЕБИ“

Политиката на заштита на Интернет, особено на младата популација, е еден од приоритетите во рамки на Европската унија. Во 2018 година стапи на сила нов пакет на прописи кои ја регулираат сферата на заштита на личните податоци. Во најава е уште еден пакет на прописи насловен како „Пакет мерки за дигитални сервиси” кои треба да го променат начинот на кој компаниите (големите онлајн платформи, компаниите од ИТ секторот, интернет провајдерите, социјалните мрежи и компаниите за електронска трговија) даваат и користат дигитални услуги во рамки на ЕУ.

Во нашата држава и насекаде во светот, во континуитет се случува откривање на различни форуми, групи и социјални мрежи, во кои се распространува компромитирачки материјал, без согласност од личноста на која се однесуваат. Овие ситуации не само што значат повреда на некои од основните човекови права на личноста и како такви се инкриминирани, туку имаат огромен потенцијал да го нарушат угледот на таа личност. Доколку станува збор за млада личност, овие случаи можат да остават длабоки траги врз нејзиниот развој.

Интензитетот и фрекфентноста на негативните појави поврзани со Интернет комуникацијата зборува за фактот дека поголем дел од младите веројатно не се доволно свесни за можните ризици во овој контекст, како и дека немаат ниту основни познавања за механизмите на заштита во случај на повреда на нивните основни човекови права. На ова може да се додаде и веројатно постоечката резервираност за пријавување на овие случаи и за нивно понатамошното процесиурање пред управни и судски органи, заради можната стигма, предрасуди, морална осуда и други штетни импликации на кои во таков случај може да биде изложена младата личност.

Една од целите на проектот беше согледување на нивото на свест на средношколската популација за опасностите од Интернет комуникацијата

Целна група беа младите на возраст од 15 до 20 години. Целното подрачје беа средните училишта во РС Македонија

За потребите на проектот, беше изготвен анкетен празалник (Прилог 1) кој беше дистрибуиран до 113 млади лица во РСМ (добиени се 102 пополнети анкетни прашалници). Анкетата беше спроведена во период од 1-20ти мај, 2021 година. Добиените резултати беа обработени со користење на методолошките пристапи: анализа, синтеза, индукција, дедукција и генерализација.

Резултатите од истражувањето се дадени во продолжение на овој текст.

Во однос на првото прашање, сите 102 анкетирани млади лица одговорија дека секојдневно користат Интернет. Ова имплицира дека оваа целна група е релевантна поради секојдневната изложеност на ризиците и заканите кои може да настанат поради (небезбедно) користење на Интернетот како алатка во секојдневната комуникација.

Одговорите на второто прашање, „Колку време отприлика во текот на денот поминувате во комуникации преку социјалните мрежи (Facebook, Tweeter, Instagram)“ се прикажани на следниот графикон:



Од графичкиот приказ, може да се заклучи дека изложеноста на младите лица на социјалните мрежи е значителна. Сите испитаници поминуваат значително време на Интернет во текот на денот.
На третото прашање, „Дали преферирате комуникација преку мобилен телефон или преку социјалните мрежи?“ добиени се следните резултати:

- 13 испитаници преферираат комуникација преку мобилен телефон
- 68 испитаници преферираат комуникација преку социјални мрежи
- 21 испитаници преферираат комуникација преку мобилен телефон и преку социјални мрежи

Процентот на испитаници (67%) кои преферираат комуникација преку социјални медиуми е значително повисок од другите две форми на комуникација (преку мобилен телефон и комбинирано, преку мобилен телефон и преку социјални медиуми). Резултатот покажува дека комуникацијата кај младите лица е речиси целосно насочена кон комуникација преку социјални медиуми и дека другите форми на комуникација се застапени во многу помал обем.

На четвртото прашање, „Дали сметате дека Интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредните контакти?“ резултатите кои ги добивме беа следни:




86% од испитаниците (88 млади лица) одговорија дека Интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредните контакти. 12 % од испитаниците одговорија дека делумно е намален квалитетот на непосредните контакти, а само 2% проценти одговорија дека Интернет комуникацијата не ги дистанцира луѓето и не го намалува квалитетот на непосредните контакти.

На петтото прашање, „ Кои сметате дека се најголемите предности на Интернет комуникациите?“ се добија многу различни одговори, но како најчесто спомнувани предности се наведени: лесна достапност на информации, олеснета комуникација, лесно запознавање на нови луѓе, брз пристап до различни извори на информации, намалување на трошоци за истражување и сл.

Во однос на шестото прашање, „ Дали Интернет комуникацијата ги поедностави вашите секојдневни обврски (во смисла на лесна достапност до информации, податоци, материјали, поврзување со други лица, итн)?“, ги добивме следните резултати:

- 102 испитаници одговорија потврдно (да)
- 0 испитаници одговорија негативно (не)
- 0 испитаници одговорија Делумно

Ова ја прикажува сликата која младите луѓе ја имаат за Интернет комуникацијата – сите испитаници сметаат дека Интернет комуникацијата ги поедноставува нивните обврски.

Во врска со следното прашање, кое се однесува на гледиштето на младите лица за безбедноста на нивните податоци/приватност, резултатите кои ги добивме се прикажани на следниот графикон:




Податоците добиени од истражувањето укажуваат дека младите лица се свесни за заканите кои постојат на Интернет. 68 од вкупно 102 испитаници одговорија дека според нив, Интернет просторот не е безбеден за нивните податоци, фотографии и воопшто за приватноста. 27 од испитаниците сметаат дека Интернет просторот е само делумно безбеден, додека пак 7 испитаници сметаат дека нивната безбедност не е под закана.

Осмото прашање од анкетниот прашалник се однесуваше на формалното образование и тоа дали младите луѓе на тој начин стекнуваат знаења за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата. Резултатите покажуваат дека:

- 42 испитаници одговорија дека во рамки на формалното образование не стекнале знаење за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата;

- 13 испитаници одговорија потврдно;
- 47 испитаници одговорија дека делумно се стекнале со знаење за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата преку формалното образование;

Во однос на 9тото прашање, резултатите покажаа дека:

- 87 испитаници присуствувале на некоја обука, работилница или преку други начини сте стекнале знаење за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата
- 11 испитаници не посетиле обука, работилница или некој друг начин на кој се стекнале со знаење за можните негативни импликации од Интернет комуникацијата;
- 4 испитаници одговорија дека само делумно стекнале нови знаења за можните негативни импликации на Интернет комуникацијата преку некоја обука и/или работилница

Вкрстувањето на одговорите на 8мото и 9тото прашање покажува дека обиките/работилниците на младите луѓе им овозможиле да стекнат повеќе знаења за негативните импликации на Интернет комуникацијата во компарација со формалното образование.

На десетото прашање, „ Дали сте свесни за можните злоупотреби во Интерет просторот?“ сите 102 испитаници одговорија дека се свесни за злоупотребите кои може да настанат со Интернет комуникацијата, и општо со Интернет просторот.

Единаесеттото прашање се однесуваше на мислењето на испитаниците кои потенцијални злоупотреби ги сметаат за најризични. Најчест одговор на ова прашање беше „злоупотреба на личните податоци“ (89 испитаници го имаа наведено овој одговор), но исто така и злоупотреба на фотографии, споделување на компромитирачки фотографии, булинг на социјалните медиуми, креирање на најразлични групи каде преовладува говор на омраза кон одредени социјални групи, креирањеи споделување на лажни вести и слично.

Одговорите на наредното прашање – „Дали сте информирани дека постојат форуми и групи на Интернет во кои се распространува компромитирачки материјал, без согласност од личноста на која се однесуваат?“ се прикажани на следниот графикон.




96 од вкупниот број на испитаници се информирани и се свесни за постоењето на форуми и групи во кои се распространува компромитирачки материјал, 4 испитаници само делумно се информирани, додека пак само 2 испитаници не се информирани за постоењето на вакви форуми/групи. Од ова, може да се заклучи дека најголем дел од младите луѓе се свесни за постоењето на групи/форуми каде може да се злоупотребат податоци од лица без нивна согласност – ова особено откако во јавноста се дозна за постоењето на групи како „Јавна соба“.

Наредното прашање се однесуваше на тоа колку од младите луѓе се запознаени дека активностите како споделување на компромитирачки материјал на разни форуми/групи на социјалните медиуми се инкриминирани како кривични дела. Од вкупниот број на испитаници, 28 одговорија дека да, знаат дека споделувањето на компромитирачки материјали се смета како кривично дело, 49 не знаат дека тоа се инкриминира како кривично дело, а останатите, 25 испитаници, само делумно се запознаени со овој факт.

14тото прашање од прашалникот беше дали испитаникот има негативно искуство со злоупотреба на негови лични податоци на Интернет – 77

испитаници не се соочиле со злоупотреба на нивни лични податоци на Интернет, додека пак 25 испитаници одговорија потврдно.
Од овие 25 испитаници кои се соочиле со злоупотреба на нивни лични податоци на Интернет, 7 побарале заштита од надлежни институции, додека 18 од нив не побарале заштита.
Во однос на идни можни злоупотреби на лични податоци на Интернет, односно дали испитаникот ќе пријави и ќе побара заштита од надлежен орган во случај на злоупотреба, резултатите покажуваат дека:

- 76 испитаници одговорија ДА
- 13 испитаници одговорија НЕ
- 13 испитаници одговорија ВЕРОЈАТНО

Седумнаесетото прашање од анкетниот прашалник е „Дали прецизното законско регулирање на активностите на Интернет би го доживеале како ограничување на слободата на изразување и информирање?“. На ова прашање, 18 испитаници одговорија ДА; 36 испитаници одговорија НЕ; 48 испитаници одговорија ДЕЛУМНО.
Од вкупниот број на испитаници, 67 знаат кој субјект ги креира правните норми за безбедна комуникација на Интернет и кој го контролира нивното спроведување, 11 не знаат, а 24 не се сигурни.
Во однос на тоа пред кој орган може да се пријави злоупотреба на лични податоци, 62 испитаници ја наведуваат Дирекцијата за заштита на лични податоци, 10 го наведуваат МВР, додека 30 од испитаниците не знаат/не се сигурни каде да пријават злоупотреба на личните податоци.

Последното прашање од истражувањето „Дали знаете пред која институција можете да се обратите во случај на повреда на вашата приватност преку Facebook, Tweeter, Instagram или други платформи?“ покажа дека 86 од испитаниците би пријавиле во МВР и/или здруженија кои се занимаваат со оваа проблематика, 10 испитаници не знаат каде да пријават повреда на нивната приватност преку социјалните медиуми, а 6 испитаници не се сигурни каде може да пријават.

Генерално, резултатите од истражувањето ја покажуваат секојдневната изложеност на младата популација на Интернет. Младите луѓе преку формалното образование се стекнуваат со некои знаења за ризиците и потенцијалните опасности од активностите во Интернет просторот, но според резултатите, голема улога имаат и обуките/работилниците на оваа тема – ова може да биде стимул за вметнување на нови наставни

содржини во формалното образование кои ќе се занимаваат со оваа тематика, или пак, ќе биде стимул за разни организации кои работат во оваа област да организираат настани на оваа тема. Може да се заклучи дека младите ја гледаат Интернет комуникацијата како примарен начин на комуникација, која ги надминува другите форми на комуникација (непосредна комуникација), иако дури 88% од нив се свесни/сметаат дека Интернет комуникацијата ги дистанцира луѓето и го намалува квалитетот на непосредните контакти. Покрај предностите на Интернет комуникацијата кои се наведени во анкетниот прашалник, младите лица се свесни и за потенцијалните разани и ризици кои постојат, особено од аспект на злоупотреба на нивните лични податоци. Понатаму, заклучок кој може да се изведе од направеното истражување е дека младите луѓе се свесни за можните злоупотреби на нивните лични податоци, но се само делумно информирани за законските мерки, процедури, како и механизми и/или институции кои ќе им овозможат заштита.